Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за донација на средства за изградба на објект-живеалиште на јакови, биволи и говеда во Зоолошка градина на Град Скопје-Скопје**

Се објавува Одлуката за донација на средства за изградба на објект-живеалиште на јакови, биволи и говеда во Зоолошка градина на Град Скопје-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетичетвртата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 08.06.2010 година.

**Број 08-1741/1**
**од 09.06.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Р.М. бр.05/02) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 05/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на 24-тата седница одржана на ден 08.06.2010 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За донација на средства за изградба на објект-живеалиште на јакови, биволи и говеда во Зоолошка градина на Град Скопје-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Ѓорче Петров ќе донира средства за изградба на објект-живеалиште на јакови, биволи и говеда во Јавната установа Зоолошка градина на Град Скопје-Скопје.

**Член 2**

Изградбата на објектот-живеалиште на јакови, биволи и говеда во Јавната установа Зоолошка градина на Град Скопје-Скопје, ќе се финансира од средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2010 година.

Вкупниот износ на финансиските средства за изградба на објектот од став 1 на овој член изнесува 800.000,00 денари.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-1634/3**
**Од 08.06.2010 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за доделување на Годишна награда *Ѓорче Петров 2010***

Се објавува Одлуката за доделување на Годишна награда *Ѓорче Петров 2010*, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетипеттата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 18.06.2010 година.

**Број 08-1863/1**
**од 21.06.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 точка 34 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 5/06) и член 16 од Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на годишни награди и признанија и одбележување на други празници (Службен Гласник на Град Скопје, бр. 6/02), Советот на Општина Ѓорче Петров на 25-тата седница, одржана на ден 18.06.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на Годишна награда**
***Ѓорче Петров 2010***

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров по повод празникот на Општината *28 Јуни*, доделува **Годишната награда *Ѓорче Петров 2010***, на **Проф. Д-р. Марјан Димитријевски** од Скопје, вработен во Институтот за национална историја-Скопје, за посебен придонес во научно-истражувачката работа од областа на историјата на македонскиот народ, при што даде посебен придонес за афирмација на Општина Ѓорче Петров во земјата и во странство.

Наградата се состои од Плакета и паричен износ од 15.000,00 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*

**Број 07-1769/3**
**од 18.06.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**П р е т с е д а т е л,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месните канцеларии во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месните канцеларии во Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетипеттата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 18.06.2010 година.

**Број 08-1863/2**
**од 21.06.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 27 и 29 од Законот за семејство (пречистен текст) 157/2008) и член 1 и 2 од Законот за измени и дополнување на Законот за семејство (Службен Весник на Р.М.број 67/2010), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (*Сл. Весник на Р.М.* бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров број 5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 25-тата Седница одржана на ден 18.06.2010 година, донесе:

## О Д Л У К А
## За избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месните канцеларии во Општина Ѓорче Петров

### Член 1

Советот на Општина Ѓорче Петров за членови при склучување на бракови во Матичната служба на Град Скопје и Месните канцеларии во Општина Ѓорче Петров, ги избира :

**Во Матична служба на Град Скопје :**

1. Благојче Атанасоски
2. Жаклина Вељановска
3. Силвана Јосевска

**Во Месна канцеларија Ѓорче Петров**

1. Марјан Стојановски
2. Политими Марковска
3. Горан Симоноски
4. Марика Котеска

**Во Месна канцеларија Волково**

1. Даниела Николиќ

### Член 2

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-1769/4**
**од 18.06.2010 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 5/2006) Градоначалнокот на Општина Ѓорче Петров на ден 21.06.2010 година, ја донесе следната

**И С П Р А В К А**
**во Одлуката за одобрување на локалната урбанистичка планска документација за КП 225, УДНМ Волково, Општина Ѓорче Петров, со намена домување со терцијарни дејности**

Се врши техничка исправка на датум на Одлуката за одобрување на локалната урбанистичка планска документација за КП 225, УДНМ Волково, Општина Ѓорче Петров, со намена домување со терцијарни дејности, донесена на 23-тата седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, објавена во Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 6/2010 год.

Наместо датум од 21.10.2009 година, Скопје, треба да стои датум од 28.05.2010 година, Скопје.

**Број 08-1863/3**
**од 21.06.2010 година**
**Скопје**

**Г р а д о н а ч а л н и к**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за определување на надоместок за учество при склучување на бракови**

Се објавува Одлуката за определување на надоместок за учество при склучување на бракови, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетипеттата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 18.06.2010 година.

**Број 08-1863/4**
**од 21.06.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член член 27 од Законот за семејство (Службен весник на РМ бр. 80/92; 9/96; 38/04; 33/06;84/08) и член 16 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров ( “Службен гласник на Општина Ѓорче Петров” бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров, на 25-тата седница одржана на ден 18.06.2010година, донесе

**О Д Л У К А**
**За определување на надоместок за учество при склучување на бракови**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува надоместок за за членовите на Совет за учество при склучување на бракови.

**Член 2**

На членовите на Советот на Општината кои се оределени да учествуваат при склучување на бракови, им се определува надомест во износ од 1.000,00 денари за секој ден на присуство при склучување на бракови, без оглед на тоа колку бракови се склучени во тој ден.

Средствата за исплата на надоместоците од став 1 на овој член се обезбедуваат во Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-1769/6**
**Од 18.06.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за исплата на парична награда за 2010 година**

Се објавува Одлуката за исплата на парична награда за 2010 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетипеттата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 18.06.2010 година.

**Број 08-1863/5**
**од 21.06.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 34 и 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 5/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров, на 25-тата Седница одржана на 18.06.2010 година, донесе :

**О Д Л У К А**
**за исплата на парична награда за 2010 година**

1. На членовите на Советот на Општина Ѓорче Петров за успешна реализација на програмите во првото шестомесечие им се определува еднократна парична награда во износ од 20.000,00 денари.

2. Се задолжува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров преку Одделението за финансирање и Буџет да ја реализира оваа Одлука.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**Број 07-1769/7**
**од 18.06.2010 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за одобрување на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 1.15 од ДУП за Крајбрежен појас, локалитет Спортски терени, Ѓорче Петров, со намена домување во станбени згради, заради усогласување на параметрите за градење**

Се објавува Одлуката за одобрување на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 1.15 од ДУП за Крајбрежен појас, локалитет Спортски терени, Ѓорче Петров, со намена домување во станбени згради, заради усогласување на параметрите за градење, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетипеттата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 18.06.2010 година.

**Број 08-1863/6**
**од 21.06.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 17 став 4 и член 50а од Законот за просторно и урбано планирање (Службен весник на РМ бр. 51/05, 137/07 и 91/09) и Предлогот за одобрување на локална урбанистичка документација, Советот на Општина Ѓорче Петров на 25-тата седница одржана на ден 18.06.2010 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на локалната урбанистичка планска документација за ГП 1.15 во ДУП за локалитет Спортски терени, крајбрежен појас Општина Ѓорче Петров, со намена домување во стамбени згради**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров ја одобрува Локалната урбанистичка планска документација за ГП 1.15, ДУП за локалитет Спортски терени, Општина Ѓорче Петров, со големина на плански опфат од 3000,00 м2 и површина на парцела 1946,00м2.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација ги опфаќа следните граници на опфат:

- север: граница со пешачка патека помеѓу ГП 1.15 и ГП 1.14
- исток: осовина на бул.Македонска војска
- југ: граница со ГП 1.16
- запад: осовина на Новопроектирана ул.5

**Член 3**

Основната класа на намена на локалната урбанистичка планска документација е А2-домување во станбени згради.

**Член 4**

Локалната урбанистичка планска документација е изработена од ТАЈФА-ПЛАН друштво за планирање, проектирање и инженеринг, ДОО-Скопје, со технички број 149/05/10 и лиценца за изработување на урбанистички планови број 0018/09.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила наредниот ден од денот на објавување во *Службен Гласник* на Општина Ѓорче Петров.

**Број 07-1769/8**
**од 18.06.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за одобрување на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 1.16 од ДУП за Крајбрежен појас, локалитет Спортски терени, Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за одобрување на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 1.16 од ДУП за Крајбрежен појас, локалитет Спортски терени, Ѓорче Петров, со намена домување во станбени згради, заради усогласување на параметрите за градење, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетипеттата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 18.06.2010 година.

**Број 08-1863/7**
**од 21.06.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 17 став 4 и член 50а од Законот за просторно и урбано планирање (Службен весник на РМ бр. 51/05, 137/07 и 91/09) и Предлогот за одобрување на локална урбанистичка документација, Советот на Општина Ѓорче Петров на 25-тата седница одржана на ден 18.06.2010 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на локалната урбанистичка планска документација за ГП 1.16 во ДУП за локалитет спортскитерени, крајбрежен појас Општина Ѓорче Петров, со намена домувањево стамбени згради**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров ја одобрува Локалната урбанистичка планска документација за ГП 1.16, ДУП за локалитет Спортски терени, Општина Ѓорче Петров, со големина на плански опфат од 2371,00 м2 и површина на парцела 1152,00м2.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација ги опфаќа следните граници на опфат:

- север: граница со ГП 1.15
- исток: осовина на бул.Македонска војска
- југ: осовина на Новопроектирана ул.4
- запад: осовина на Новопроектирана ул.5

**Член 3**

Основната класа на намена на локалната урбанистичка планска документација е А2-домување во станбени згради.

**Член 4**

Локалната урбанистичка планска документација е изработена од ТАЈФА-ПЛАН друштво за планирање, проектирање и инженеринг, ДОО-Скопје, со технички број 150/05/10 и лиценца за изработување на урбанистички планови број 0018/09.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила наредниот ден од денот на објавување во *Службен Гласник* на Општина Ѓорче Петров.

**Број 07-1769/9**
**од 18.06.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за одобрување на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот за изградба на стопански комплекс вон плански опфат на КП 830, 840, 845, 848, 855, 856 и 860, КО Никиштане, Ѓорче Петров, со класа на намена Г2-лесна незагадувачка индустрија**

Се објавува Одлуката за одобрување на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот за изградба на стопански комплекс вон плански опфат на КП 830, 840, 845, 848, 855, 856 и 860, КО Никиштане, Ѓорче Петров, со класа на намена Г2-лесна незагадувачка индустрија, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетипеттата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 18.06.2010 година.

**Број 08-1863/8**
**од 21.06.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 17 став 4 и член 50а од Законот за просторно и урбано планирање (Службен весник на РМ бр. 51/05, 137/07 и 91/09) и Предлогот за одобрување на локална урбанистичка документација, Советот на Општина Ѓорче Петров на 25-тата седница одржана на ден 18.06.2010 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на локалната урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс вон плански опфат на КП 830, 840, 845, 848, 855, 856 и 860, КО Никиштане, Ѓорче Петров, со класа на намена Г2- лесна незагадувачка индустрија**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров ја одобрува Локалната урбанистичка планска документација за КП 830, 840, 845, 848, 855, 856 и 860, КО Никиштане, Ѓорче Петров, со големина на плански опфат од 5,4ха со површина на парцела од 48 353м2.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација ги опфаќа следните граници на опфат:

- север: осовина на локален пат
- исток: се движи по КП 848, КП 830 и КП 845
- југ: ги сече КП 855, КП 856, КП 860
- запад: меѓа на КП 855, КП 856 и КП 860
-

**Член 3**

Основната класа на намена на локалната урбанистичка планска документација е Г2- лесна незагадувачка индустрија.

**Член 4**

Локалната урбанистичка планска документација е изработена од ТАЈФА-ПЛАН друштво за планирање, проектирање и инженеринг, ДОО-Скопје, со технички број 119/04/10 и лиценца за изработување на урбанистички планови број 0018/09.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила наредниот ден од денот на објавување во *Службен Гласник* на Општина Ѓорче Петров.

**Број 07-1769/10**
**од 18.06.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 1.4.23. во ДУП локалитет Алекса, Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 1.4.23. во ДУП локалитет Алекса, Општина Ѓорче Петров, со намена А1-семејно домување во станбени куќи, заради усогласување на параметрите за градење, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетипеттата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 18.06.2010 година.

**Број 08-1863/9**
**од 21.06.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина IЃорче Петровв (IСлужбен гласник на Град Скопјев бр 5/2006) и член 50а од Законот за просторно и урбанистичко планирање (IСлужбен весник на Р.Македонијав број 51/05,137/07 и 91/09 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на 25-тата седница одржана на 18.06.2010 година, донесе:

## О Д Л У К А

**за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 1.4.23. во ДУП локалитет Алекса Демниевски , општина Ѓорче Петров, со намена А1-семејно домување во станбени куќи, заради усогласување на параметрите за градење**

### Ч л е н 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана грдежна парцела 1.4.23., од ДУП локалитет Алекса Демниевски, Ѓорче Петров, со намена А1-семејно домување во станбени куќи, заради усогласување на параметрите за градење.

### Ч л е н 2

Просторот за кој се утврдува потребата за изработка на локална урбанистичка планска документација, претставува оформена градежна парцела со намена А1-семејно домување во станбени куќи, на која треба да се усогласат параметрите за градење.

### Ч л е н 3

Параметрите за градење (површина за градење и максимална висина на градба) ќе се усогласат според стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.

### Ч л е н 4

Составен дел на оваа одлука е графички прилог- извод од ГУП на град Скопје и извод од ДУП локалитет Алекса Демниевски, општина Ѓорче Петров.

### Ч л е н 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-1769/11**
**од 18.06.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина ЃорчеПетров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот со намена мост со определување на градежна парцела во рамки на плански опфат, што опфаќа подрачје на две општини- Ѓорче Петров и Сарај**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот со намена мост со определување на градежна парцела во рамки на плански опфат, што опфаќа подрачје на две општини- Ѓорче Петров и Сарај, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетипеттата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 18.06.2010 година.

**Број 08-1863/10**
**од 21.06.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Град Скопјев бр 5/2006) и член 50а од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Р.Македонија број 51/05,137/07 и 91/09 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на 25-тата седница одржана на 18.06.2010 година, донесе:

## О Д Л У К А

**за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот со намена мост со определување на градежна парцела во рамки на плански опфат, што опфаќа подрачје на две општини -Ѓорче Петров и Сарај**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела со намена мост, во граници на плански опфат дефиниран според ГУП на град Скопје, што опфаќа подрачје на две општини, Ѓорче Петров и Сарај.

**Ч л е н 2**

Просторот за кој се утврдува потребата за изработка на локална урбанистичка планска документација, претставува неоформена градежна парцела со намена мост, околу која постои изградена сообраќајна инфраструктура.

**Ч л е н 3**

Површината на градежната парцела и границите на планскиот опфат ќе се определат во процесот на изработка на урбанистичката планска документација, а согласно планската програма.

**Ч л е н 4**

Составен дел на оваа одлука е графички прилог- извод од ГУП на град Скопје, извод од ДУП Крајбрежен појас-запад, МЗ Дексион и Планска програма.

**Ч л е н 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-1769/12**
**од 18.06.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина ЃорчеПетров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за утврдување на листа на приоритети за реконструкција на локална патна мрежа на територијата на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за утврдување на листа на приоритети за реконструкција на локална патна мрежа на територијата на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетипеттата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 18.06.2010 година.

**Број 08-1863/11**
**од 21.06.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 15 став 1 точка 4 алинеја 1 од Законот за Градот Скопје ("Службен весник на РМ" бр.55/04) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општината "Ѓорче Петров " (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 25-тата седница, одржана на ден 18.06.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување на листа на приоритети за реконструкција на локална патна мрежа на територијата на Општина Ѓорче Петров**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се утврдува листа на приоритети за реконструкција на локална патна мрежа на територијата на Општина Ѓорче Петров со утврдување на локалните патни правци редоследно и по приоритет на реализација.

**Ч л е н 2**

Реконструкцијата на локалната патна мрежа на територијата на ОпштинаЃорче Петров ќе се одвива на повеќе локални патни правци по следниот приоритет на реализација :

1. Доизградба и дофинансирање на локалниот пат *крак на ул. Лука Геров до клучката Стопански двор, делница локален пат до клучка*. Напомена: Со средства од Европска Банка за обнова и развој се финансира градбата, но средствата не се доволни за комплетно финансирање.
2. Реконструкција на локален пат за с.Волково од средсело до ОУ Јоаким Крчовски, во должина од 986м.
3. Реконструкција на локален пат за с.Орман од ОУ Јоаким Крчовски во с.Волково до железнички премин преку пруга во с.Орман.
4. Реконструкција на локален пат за с.Орман од Клучка со автопат до локален пат во с.Орман, во должина од 1.512м.
5. Реконструкција на локален пат до с.Свиларе од спој со локален пат кај Стопански Двор до граница на Општина Ѓорче Петров со Општина Сарај, во должина од 2.504м.

**Ч л е н 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров * .

**Број 07-1769/13** — **Совет на Општина ЃорчеПетров**
**од 18.06.2010 година** — **ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**С к о п ј е** — **Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за оттуѓување на движен имот, сопственост на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за оттуѓување на движен имот, сопственост на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетипеттата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 18.06.2010 година.

**Број 08-1863/12**
**од 21.06.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 66 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров, на 25-тата седница, одржана на ден 18.06.2010 година донесе

**О Д Л У К А**
**за оттуѓување на движен имот, сопственост**
**на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Да се изврши оттуѓување на движен имот - камена калдрма (коцка) од стара ул.Радушка во количина од 120м3, сопственост на Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Продажбата на движниот имот опишани во член 1 од оваа Одлука ќе се изврши по пат на јавно наддавање во согласност со Закон.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да формира Комисија која ќе ја спроведе целокупната постапка.

**Член 4**

Почетната вредност на движниот имот од член 1 ќе биде утврдена од страна на Комисијата од член 3 на оваа Одлука.

Продажната цена на движниот имот не може да биде пониска од нивната пазарна вредност.

Критериуми врз основа на кои ќе биде утврдена вредноста на недвижниот имот се:

- пазарната вредност за ваков вид на производи по метар кубен (1м3);
- сознанија од продажба на ваков вид на производи;

**Член 5**

Средствата добиени од продажбата на движниот имот да се употребат за потреби при изградба на објекти во Општината.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-1769/14**
**од 18.06.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**